**Република Македонија**
**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**
За подрачјето на основните судови на Градот Скопје
Во Скопје, ул.,, Никола Вапцаров,, бр.3/1
На ден 22.12.2017 година
Во 11,00 ( единаесет) часот

Книга 13

Извод

Јас, Нотар Анета Петровска Алексова, со службено седиште во Скопје, ул. Никола Вапцаров, број 3/1, потврдувам дека на Покана на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, на ден 22.10.2017 година, со почеток во 11,00 (единаесет) часот, присуствував на Собранието на акционерите на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, кое се одржа во деловните простории на Друштвото, во Скопје, на ул. Никола Кљусев бр. 1, Скопје-Центар, при што, согласно членот 92 од Законот за нотаријатот и членовите 298, 383, 393 и член 407 од Законот за трговските друштва, го составив следниот------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------З А П И С Н И К --------------------------------------------------**
**-----------------------------------од СОБРАНИЕ на акционерите на---------------------------------------------**
**------------------------------------- КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје-----------------------------------------------**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1.) Тековна состојба издадена на ден 22.12.2017 година од Трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Македонија за КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, со ЕМБС 5111056, со седиште на ул. Никола Кљусев бр. 1, Скопје-Центар ( прилог ,,А,, кон списите); -------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2.) Акционерска книга на издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 21.12.2017 година според која КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, има вкупно 28742 ( дваесет и осум илјади седумстотини четириесет и две) обични акции, со номинална вредност на ХВ од по 500 (петстотини) ЕУР, со вкупно број на гласови 28742 ( дваесет и осум илјади седумстотини четириесет и два) ( прилог ,,Б,, кон списите); -------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3.) Потврда, со излезен број 20171214122614/14.12.2017 година, издадена од Агенција за упис на Министерството за правда во Софија, за акционерот ,,АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ,, АД, со идентиификација ЕИК 130110044, од Софија, Р.Бугарија. ( прилог ,,В,, кон списите); ------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач: с.р. Нотар

4.) Јавен повик до акционерите на КАПИТАЛ Банка, АД Скопје, за учество на седница на Собрание, објавен во дневниот печат „ Вечер„ на ден 21.11.2017 година, ( прилог кон „Г„ списите);-------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

5.) Полномошно издадено од акционерот „АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ„ АД од Софија, Р. Бугарија заверено на ден 19.12.2017 година, заверено во Амбасадата на Република Македонија во Софија под бр. 33-03-1184/2 ( прилог „Д„ кон списите), и----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

5.) Список на присутните акционери ( прилог кон „Ѓ„ списите).-------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во Јавниот повик до акционерите на КАПИТАЛ Банка, АД Скопје, објавен во дневниот печат „ Вечер„ на ден 21.11.2017 година, е предложен следниот:--------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**: -------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

<u>I ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:</u> --------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1.) Отворање на Собранието на Банката ;---------------------------------------------------------------------
2.) Верификација на Списокот на Присутни акционери ;-----------------------------------------------------
3.) Избор на Претседавач на Собранието;------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

<u>II РАБОТЕН ДЕЛ</u> :----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4.) Одлука за измена и дополнување на Статутот на Капитал Банка АД Скопје;---------------------------
5.) Одлука за измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Капитал Банка АД Скопје;---------------------------------------------------------------------------------------------------------
6.) Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје;-------------
7.) Разно------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

<u>I ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:</u> --------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од Списокот на присутните акционери, утврдив дека на Собранието присутен е :-------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Акционерот „Алфа Финанс Холдинг АД„ од Софија, Репулика Бугарија, преку својот полномошник Иван Мишев, со уредно Полномошно (прилог „Д„ кон списите), со вкупно 28292 ( дваесет и осум илјади двестотини деведесет и две) обични акции .-------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што, на Собранието на акционери присутен е акционерот, односно, неговиот овластен претставник, имател на мнозинскиот број на акции, кои претставуваат 98,43%, (деведесет и осум запирка четириесет и три процент) од вкупниот број на акции со право на глас, утврдив дека Собранието може полноважно да работи и да донесува полноважни одлуки, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.-------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Република Бугарија, Иван Мишев, отвори расправа по предложениот Дневен ред.-----------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач: с.р. Нотар

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање, при што предложениот ДНЕВЕН РЕД, беше едногласно усвоен.----------------------------------------------------------------------------------------------

Присутниот акционер ,едногласно за Претседавач на Собранието на акционери го предложи и избра полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Р. Бугарија, Иван Мишев,роден на ден 12.05.1980 година ,со место на живеење на Бул.АСНОМ бр.106/2-9 Скопје,чиј идентитет го утврдив од увидот во личната карта А1787495 и ЕМБГ 1205980450125 издадена од МВР Скопје , кој воедно даде и воведен збор за целта за свикување на ова Собраните, со напомена дека целокупниот материјал за седницата на вонредното Собрание благовремено е доставен на сите акционери.----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Записникот го води нотар, односно, Записникот од вонредното Собранието на акционери на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, го води нотар Анета Петровска Алексова од Скопје.---------------------------------------------------------------

II РАБОТЕН ДЕЛ-----------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 4. По четвртата точка од Дневниот ред – Одлука за измена и дополнување на Статутот на Капитал Банка АД Скопје,** Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што за Одлуката ,присутниот акционер гласаше против.----------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа,Претседавачот констатираше дека Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Капитал Банка АД Скопје не беше донесена.-----------------------------------------------------------------

**Точка 5. По петтата точка од Дневниот ред – Одлука за измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Капитал Банка АД Скопје,**Претседавачот отвори дискусија.-------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што за Одлуката ,присутниот акционер гласаше против.----------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа,Претседавачот констатираше дека Одлуката за измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Капитал Банка АД Скопје,не беше донесена.---------------------------------

**Точка 6. По шесстата точка од Дневниот ред- Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје**, Претседавачот отвори дискусија, појаснувајќи дека за именување на нов член на Надзорниот одбор на Банката, е предложена **Маја Евгениева Јанкова**, од Софија, Република Бугарија, со пасош број 384995422. -------------------------------------------------------------

Како никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање, при што - **ОДЛУКАТА за именување на Маја Евгениева Јанкова за член на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,** (прилог „ Е„ кон списите), **едногласно беше донесена**.---------------------------------------------------------------

**Точка 7. По петтата точка од Дневниот ред –** Разно, Претседавачот констатира дека по оваа точка од Дневниот ред нема предложено материјал за расправа и дека се исцрпени точките од Дневниот ред, ја заклучи седницата на Собрание во 12:00 (дванаесет часот).-------------------------------------------------

На Претседавачот на Собранието на Капитал Банка АД Скопје, Иван Мишев му го прочитав Записникот го предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа нотарската исправа.------------------

Претседавач: с.р. Нотар

Претседавачот на Собранието изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од нотарската исправа и дека содржината на овој Записник одговара во целост на вистинската состојба. ----

Потврдувам дека Претседавачот на Собранието лично го потпиша Записникот.---

**Г- дин ИВАН МИШЕВ:**

---с.р.

Потврдувам дека овој Записник лично го составив на четири листа, на четири страници, на секој лист по една страна, во шест еднакви примероци, од кои еден извод за упис во Централниот Регистар на Република Македонија, четири изводи за КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.---

Потврдувам дека ова е прв извод што се издава кој е идентичен со изворникот што се наоѓа во архивата на нотарот.---

Нотарска такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од 500,00 денари е уплатена на трезорска сметка на Буџет на Република Македонија.---

Нотарската награда, согласно член 41 од Нотарската тарифа (Службен весник на РМ бр. 226 од 30 декември 2016 ) е пресметана и наплатена во износ од 10.000,00 денари.---

ОДУ број 1883/2017
Во Скопје, 22.12.2017 година

**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ